Citizens for change!

Асоцијацијата Иницијатива за социјална промена - ИнСоК од Скопје, во партнерство со Центар за интеграција и поддршка - СИЕК од Скопје и Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ од Скопје, во рамките на проектот „Коалиција на граѓански организации – Форум на помалубројните заедници во Република Северна Македонија“, проект финансиски поддржан од ***Цивика мобилитас*** објавува:

# К О Н К У Р С

за пишување на есеј

Темата на есејот е "Мојот сограѓанин од соседната улица".

Цел на конкурсот: Да се поттикне креативноста и писменоста на учесниците, да се поддржи меѓусебното запознавање и да се зајакне солидарноста и почитување меѓу сограѓаните. Воедно, очекуваме резултатите од конкурсот да пренесат примери и иксуства за граѓанска интеракција и разбирање меѓу заедниците. Иницијативите на помалубројните заедници спреку овој проект се посветени кон намалување на општествените тензии и придонесат кон намалена поларизација на етничка и социјална основа.

**Услови за учество:**

- Конкурсот е отворен за ученици од 15 до 19 години.
- Учесниците можат да пишуваат на македонски или на јазикот на заедниците кои живеат во Република Северна Македонија.
- Должината на есејот треба да биде меѓу 500 и 1000 зборови.
- Сите есеи мора да бидат изворни и да не содржат делови од други авторски дела.
- Сите есеи мора да бидат испратени до 10 јуни 2023, крајот на учебната година..
- Пријавувањето на учесниците е бесплатно.
- Пријавата треба да содржи име, презиме и контакт информации на учесникот.
- Со поднесување на есејот, учесникот се согласува истиот да се сподели со јавноста: публикација со есеите, наградените со име и презиме и освоена награда.

**Процес на одбирање на победниците:**

- При оценувањето на есејот, ќе се има предвид креативноста, оригиналноста, стилот на пишување, граматичката точност и реалноста на опишаниот пример/искуство.
- Сите пристигнати есеи ќе бидат прочитани и оценети од страна на професионална комисија.
- Членовите на жирито ќе бидат професори од областа на литературата и јазикот.
- Жирито ќе избере три најдобри есеи, кои ќе бидат јавно објавени, додека сите учесници ќе бидат информирани за резултатите на конкурсот.
- Сите учесници ќе добијат Сертификат за учество на конкурсот за пишување на есеј "Мојот сограѓанин од соседната улица“
- Сите напишани есеи ќе бидат објавени во публикација.

**Награди:**

- Првата награда ќе биде вредносен ваучер во износ од 9.000 денари.
- Втората награда ќе биде вредносен ваучер во износ од 7.000 денари.
- Третата награда ќе биде вредносен ваучер во износ од 4.000 денари.

Сите учесници ќе бидат поканети за присуство на доделувањето на наградите.

Учесниците треба да испратат своите есеи на следната електронска адреса: insoc@insoc.org.mk назнака во насловот на пораката: Конкурс за пишување на есеј - Мојот сограѓанин од соседната улица. Есеите да се испратат до 10 јуни 2023, крајот на учебната година.